Министерство за финансии
Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор во РСМ

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

## за достапност на документ и јавна расправа
## План за управување со животна средина и социјални работи (ПУЖССР)

## за под-проектот

## „Реконструкција на ООУ Христо Узунов со ЕЕ мерки“, „Реконструкција на ООУ Братство Единство Ласкајца со ЕЕ мерки“ и „Реконструкција на ООУ Св.Климент Охридски со ЕЕ мерки“ Општина Охрид

Во рамки на “Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор во РСМ” кој се реализира од страна на Единицата за спроведување на проектот при Министерството за финансии со финансиска поддршка од Светска Банка, Општина Охрид аплицираше со барање за финансирање три под-проекти:

1. ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА СПРОВЕДУВЊЕ НА МЕРКИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ООУ. „ХРИСТО УЗУНОВ“, КП бр.10246, КО Охрид 2, Охрид;
2. ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА СПРОВЕДУВЊЕ НА МЕРКИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „БРАТСТВО ЕДИНСТВО“ – ЛЕСКАЈЦА ОХРИД К.П. 14100/1 К.О. ОХРИД 3;
3. ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ООУ „Св.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“, КО ОХРИД.

Согласно *Рамката за животна средина и социјални работи* изготвена врз основа на барањата на Светска Банка беа подготвени документи “План за управување со животна средина и социјални работи” во кои се анализирани влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти кои ќе произлезат од планираните активности на под-проектите. Овие документи се поставени за јавен увид на официјалните веб страници на:

Министерството за финансии (Под-проекти за енергетска ефикасност во единиците на локална самоуправа - finance.gov.mk) и на:

Општина Охрид: http://ohrid.gov.mk/ на 25.10.2024 година.

Вашите коментари може да ги доставите во рок од 30 дена од поставување на документите на веб страниците, преку пополнување на формуларот кој е достапен на следниот линк:

http://ohrid.gov.mk - linkot

Во текот на периодот наменет за јавни консултации за ПУЖССР, ќе се одржи и јавна расправа за документите, на **30.10.2024 (среда) со почеток во 12.00 часот во Големата сала во Општина Охрид,** со следниот дневен ред:

1. Воведен збор на претставник од Единицата за спроведување на проектот при Министерство за финансии за Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (претставник од ЕСП/МФ) - 10 минути
2. Краток осврт на проектните активности од страна на консултантскиот тим за изработка на техничката документација (Заедничко вложување Инком инженеринг ДООЕЛ Скопје и ТП АНТЕВСКА Куманово) – 10 минути
3. Краток осврт на документите “План за управување со животната средина и со социјалните аспекти за проектот” (претставник од консултантскиот тим за изработка на техничката документација) – 20 минути
4. Дискусија.

Датум на објава: 25.10.2024
**Министерството за финансии**
**Единица за спроведување на проектот**